# Техничко упатство за достава на податоци за ИЛ-обрасци во подрачна служба на ФЗОМ

Верзија 2



Фонд за здравствено осигурување на Македонија Сектор информатика
за подетални информации
тел: 3289-075/ 3289-070

# Содржина

Промени во новата верзија ........................................ 3

Вовед ........................................ 4

Потребни  документи кои треба избраниот лекар да ги доставува до надлежната подрачната служба во процесот на пријавување и одјавување на осигурениците кои го избираат односно кои го избрале ........................................ 5

Формат и содржина на датотеките ........................................ 8

Дефинирање на слог за достава на електронски ИЛ-обрасци ........................................ 9

Напомена ........................................ 11

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

## Промени во новата верзија

| Наслов | Промена | Страна |
|---|---|---|
| **Формат и содржина на датотеките** | Променето објаснувањето за начинот на дефинирање на конвенцијата на името на фајлот | 8 |
| | Корегиран е обликот на името на датотеката | |
| **Дефинирање на слог за достава на електронски ИЛ-обрасци** | Променет е форматот на датумот во слогот даден како пример | 9 |
| | Промента шифрата на ЗУ со единствен даночен број на ЗУ во водечкиот слог | |
| | Дополнето објаснување за начинот на формирање на електронскиот слог за достава | |
| | Корекција на на објаснувањето во делот на за дефинирање на слогот за бројот на здравствена легитимација | |
| | Корегиран е описниот пример за изгледот на слогот за достава | |

## Вовед

Со новите измени за избор на матичен лекар кои ќе настапат од **Јануари 2011** година потребна е и доставата на ИЛ-обрасците од страна на избраните лекари во електронска форма.

Избраниот лекар ги пополнува податоците за избор/одјава за осигурениците во апликацијата инсталирана во неговото ПЗУ. Секој месец, најдоцна до 5-от ден во наредниот месец, лекарот е должен овие податоци да ги достави во подрачната служба на ФЗОМ во електронска и хартиена форма. Доставените податоци на USB, CD или некој друг медиум се вчитуваат во системот од страна на референтот за обработка на податоци по што следи процес на евалуација на електронски доставените ИЛ-обрасци.

## Потребни документи кои треба избраниот лекар да ги доставува до надлежната подрачната служба во процесот на пријавување и одјавување на осигурениците кои го избираат односно кои го избрале

- **ИЛ обрасци – ПРИЈАВИ** (Копија од ИЛ-1 образецот подредени по истиот редослед како што се и во електронската достава )

- **ИЛ обрасци – ОДЈАВИ** (Копија од ИЛ-1 образецот – **Одјава** добиени од осигурениците кои направиле избор кај конкретниот лекар, а претходно биле пријавени кај друг избран лекар; подредени по списокот односно електронската верзија )

- **СПИСОК- 1** (во два примерока) **за** сите **ИЛ обрасци за пријава** за избран лекар, а кои се доставуваат во прилог (овој список е составен дел на Техничкото упатство објавено наWEB страната на ФЗОМ )

- **СПИСОК -2** (во два примерока) за сите **ИЛ обрасци за одјави од овој избран лекар како и ИЛ одјави од** други избрани лекари, кои се доставени во прилог, а кои вршат избор сега кај овој избран лекар. **Овие ИЛ-1 Одјави од други избрани лекари , кои ги донеле осигурениците во моментот на пријава кај овој избран лекар се бележат на СПИСОК – 2 со дополнување рачно (затоа што избраниот лекар нема електронска одјава кај него од тој осигуреник).**

- Податоците од ИЛ-1 обрасците ПРИЈАВИТЕ (Список 1 и Список 2), треба да се доставуваат и во електронска форма со слог што е веќе претходно дефиниран и се наоѓа на нашата *WEB* страна. **Електронска форма за Список 2 се однесува само на одјавите од соодветниот избран лекар**.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk


Фонд за здравствено осигурување на Македонија Сектор информатика
за подетални информации
тел: 3289-075/ 3289-070

СПИСОКОТ - 1 го има следниот терк:

## СПИСОК 1 НА ИЛ-1 ПРИЈАВИ ЗА ПЕРИОД
## ОД __._-.____ ДО __.__.____ ГОДИНА

Назив на ПЗУ

Факсимил на лекарот

Презиме на лекарот

Име на лекарот

Подрачна служба каде се доставени податоците

| | Податоци за осигиреникот/осигуреното лице | | | | ИЛ-1 Пријава | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| р.бр | Име на осигуреникот | Презиме на осигуреникот | Број на здравствена легитимација | ЕМБГ на осигуреното лице | Сериски број на пријава | Дата на пријава |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Број на пријавени во периодот :

Дата на достава Потпис и факсимил на лекарот

________________М.П ________________________



Фонд за здравствено осигурување на Македонија Сектор информатика
за подетални информации
тел: 3289-075/ 3289-070

СПИСОКОТ - 2 го има следниот терк:

## СПИСОК 2 НА ИЛ-1 ОДЈАВИ ЗА ПЕРИОД ОД __._-.____ ДО __.__.____ ГОДИНА

Назив на ПЗУ
Факсимил на лекарот
Презиме на лекарот
Име на лекарот
Подрачна служба каде се доставени податоците

| | Податоци за осигиреникот/осигуреното лице | | | | ИЛ-1 Одјава | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| р.бр | Име на осигуреникот | Презиме на осигуреникот | Број на здравствена легитимација | ЕМБГ на осигуреното лице | Сериски број на одјавата | Дата на одјава |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Број на одјавени во периодот :
Дата на достава Потпис и факсимил на лекарот
________________М.П ________________________

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

## Формат и содржина на датотеките

Датотеките се состојат од слогови со променлива должина и како сепаратор за истите се зема точка запирка ( “;”)

**Датумите** во слоговите секогаш се со 10 места и со формат dd/mm/yyyy каде што **yyyy** година, **dd** е ден и **mm** месец за кој се однесува слогот .

**Конвенција за имињата на датотеките .** Имињата на датотеките при трансферот ќе бидат во следниот облик : XXXXXX-I-DD1-MM1-YYYY1.TXT

Каде што :

XXXXXX - > факсимилот на избраниот лекар кој што доставува пријави-одјави на осигурениците кои го избрале .
I - > е ознака со која што се дефинира кој список е во овој електронски слог
Ако е P- > станува збор за СПИСОК 1 а,
Ако е O- > станува збор за СПИСОК 2

DD1- > Се става денот на поднесување на file-от.
MM1 -> Се става месецотна поднесување на file-от.
YYYY1 -> година на поднесување на file-от.
TXT -> Слогот е TXT документ

Секој слог во датотеките ќе биде детално опишан во форма

**Р.бр** -> Реден број на атрибутот во слогот;
**Опис на податоците** -> Скратен опис на атрибутот во слогот
**Формат(изглед) или содржина на атрибутот** -> Се внесува договорениот формат (изглед) или содржина на атрибутите во слогот , Н(н), Алфа(н), dd/mmyyyy и т.н
**Задолжителен податок** -> ДА ако податокот е задолжителен и НЕ или празно ако податокот не е задолжителен;
**Името на датотеката е 223456-P-01-12-2010.TXT**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Изборот на избран лекар се врши со пополнување на изјава за избор на лекар на образец ИЛ-1.
Од името на датотеката следува дека станува збор за Податоци што ги доставува избраниот лекар во електронска форма а неговата содржина е ИЛ-1 Пријави со кој следува СПИСОК 1 . Обрасците се за избраниот лекар со факсимил и 223456 и се пријавени во периодот од 01/12/2010 година па се до датумот кога лекарот има пациенти запичано во неговата апликација. Здравствената установа која има договор со Фондот го доставува до подрачната служба ( ги доставува и оригинал ИЛ-1 обрасците и истите податоци во електронска форма )

## Дефинирање на слог за достава на електронски ИЛ-обрасци

Слогот мора да ги содржи сите неопходни податоци за пациентот кои се дефинирани во подолните табели .1 и 2

| Податоци за водечкиот слог | | | |
|---|---|---|---|
| | **Опис на податоци** | **формат** | **објаснување** |
| Податоци за лекар и ЗУ | факсимил на лекар | num(6) | 654789 |
| | ЕДБ на ЗУ | num(13) | 4013010154817 |
| | ЕМБС на ЗУ | Num(7) | 6715659 |

Табела 1

| Податоци за слоговите | | | |
|---|---|---|---|
| | **Опис на податоци** | **формат** | **објаснување** |
| | р.бр | num(4) | 15 |
| Податоци за осигуреник | име | Chr(15) | горан |
| | Презиме | Chr(20) | горановски |
| | број на здр легитимација | Chr(12) | 037 0003456 03 |
| | Ембг | num(13) | 0234567891234 |
| Податоци за ИЛ образец | дата на пријава | Date(dd/mm/yyyy) | 01/05/2009 |
| | дата на одјава | Date(dd/mm/yyyy) | |
| | сериски број на пријава | num(8) | 3151229 |
| | сериски број на одјава | num(8) | |

Табела 2.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Форматот за електронскиот слог за достава на податоци се состои од два формати на записи. Првиот запис односно ред од фајлот се однесуваат на податоците за здравствената установа и лекари:

1. Факсимил
2. Единствен даночен број на ЗУ
3. Единствен матичен број на субјект на ЗУ

Во вториот дел односно ред од фајлот се внесуваат податоците за ИЛ-1 образецот:

1. р.бр
2. име
3. презиме
4. број на здравствена легитимација
5. единствен матичен број
6. дата на пријава
7. дата на одјава
8. сериски број на пријава
9. сериски број на одјава

Секој податок (поле или колона во информатичкиот речник ) мора да се одвои со **“;”** (точка запирка) Односно завршува со **“;”** знак кој служи како маркер за одвојување на полињата. Кога нема податок за некое поле тоа содржи само знак **“;”.**

Податоците задолжително треба да бидат во текст формат, **ASCII** код и организирани на следниот начин:

- Податоците кои се доставуваат **МОРА** да се со **македонска подршка-кирилица.**
- Полето кое е одредено за здравствениот број **МОРА** да биде со должина од 12 карактери
- Податоците во датотеката се одделуваат со **точка и запирка “;”.**
- Во секој ред мора да постои предефинираниот број на полиња и секој ред завршува со **chr(13) (enter)**.
- Во текстуалните податоци **не смее** да се користи точка и запирка.

Образложение за фиксната големина на полето за здравствен број:

Здравствениот број е составен од три групи податоци XXX;YYYYYYY;ZZ, каде

XXX- ја означува подрачната служба на фондот

YYYYYYY- здравствен број по растечки редослед

ZZ – го означува носителот 00, или неговите членови 01, 02, 03 ...

Фиксната големина на полето се постигнува со додавање на **нула (0) пред групите на податоци во случај да имаат помалку цифри од максималната големина**. На пр. ако здравствениот број на еден осигуреник е **37-3456-03** како податоок земен од здравтсвената легитимација, за да се постигне големината дефинирана погоре потребно е да се додадат нули со што здравствениот број би изгледал вака: **037000345603**.

Водечкиот слог е составен од податоци за лекарот и здравствената установа, тој е поставен само на почеток на фајлот, а под него се наоѓаат податоците за пациентите

Односно слогот би изгледал вака:
Описно
факсимил на лекар;шифра на зу; матичен број на зу
р.бр;име;презиме;број на здравствена легитимација;ембг,дата пријава;дата на одјава;сериски број пријава; сериски број одјава;
р.бр;име;презиме;број на здравствена легитимација;ембг,дата пријава;дата на одјава;сериски број пријава; сериски број одјава;
р.бр;име;презиме;број на здравствена легитимација;ембг,дата пријава;дата на одјава;сериски број пријава; сериски број одјава;

Со вредности

654789; 4013010154817;6715659;
1;горан; горановски;145668972300;1234567891234;009875819;01/05/2009;;3151229;;
::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::
n;мартин;мартиновски;123498795102;0201987450067;01/01/2010;;2563589;;

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

## Напомена

Напоменуваме дека посебно треба да се обрне внимание на следните работи

- Ако се врати некој ИЛ-1 образец како грешен поради било која причина на избраниот лекар во текот на процесот на пријава, тогаш за тој осигуреник по исправување на причината за грешката поради што е вратен може да се достави повторно но во друг фајл со друг назив.
- Доставувањето на ИЛ обрасците – Пријави во Подрачните служби се врши **до 5-ти** во месецот за ИЛ обрасци **од претходниот месец**.
- Во случај кога доставувањето на Ил обрасците се врши по пошта, кога станува збор за ПЗУ кои се од други градови, тогаш доставувањето односно приемот се врши најдоцна до 30-ти во месецот за ИЛ обрасци од претходниот месец.
- Доколку осигуреникот кој претходно имал избрано друг лекар и од истиот има одјава за да може повторно да направи избор, пријавата за тој осигуреник потребно е да биде со датум за еден ден поголем од датумот на одјава од претходниот лекар. Односно не смее да дојде до преклопување на датумот на одјава со датумот на пријава. На пр. ако одјавата од друг лекар е со датум 05.10.2010 година тогаш новата пријава потребно е да е со датум 06.10.2010 година.
- Доколку се доставува ИЛ образец од период пред месецот кој се обработува, тогаш датумот на пријава за овие ИЛ обрасци се сведува на првиот ден од месецот за кој се обработуваат. На пр. на 5-ти декември се доставуваат и обработуваат ИЛ обрасци за ноември и декември. Ако се достави ИЛ образец со датум од октомври, датумот на пријава за овие ИЛ обрасци се сведува на првиот ден од ноември.
- Сведувањето на датумот на пријава на 01-от ден од претходниот месец за покасно доставените ИЛ-пријави предизвикува импликации во исплатата на капитацијата, односно иплатата за таа пријава нема да се реализира за месецот кој го пишува во пријавата туку за претходниот месец кога е доставен ИЛ- образецот.
- Автоматското сведување на датумот на пријава на првиот ден од претходнот месец нема да придонесе до никакви импликации во исплатата на боледување на осигурениците (остварување на правата за боледување) или пак за пропишување на рецептите.
- Ако избраниот лекар достави ИЛ образец за ученик или студент кој веќе претходно има избрано лекар од истата дејност, но од друг град (според местото на живеење или местото на учење), тогаш во подрачната единица на Фондот ќе се направи корекција на процентите и кај двата избрани лекари соодветно по 30 и 70 проценти според местото на живеење односно местото на учење.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk



Фонд за здравствено осигурување на Македонија Сектор информатика
за подетални информации
тел: 3289-075/ 3289-070